# З А П И С Н И К

Од 36 -та седница на Советот на Општина Крива Паланка, одржана на 06.02.2024 година (вторник) во салата на општина Крива Паланка’’ со почеток во 09 :00 часот.

**ЕВИДЕНЦИЈА НА ПРИСУСТВО НА СЕДНИЦА**

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Крива Паланка, Изабела Павловска.

Од 19 советници во Советот на општина Крива Паланка, на седницата беа присутни 19 советници.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**:

1. ИЗАБЕЛА ПАВЛОВСКА,

**СОВЕТНИЦИ**

2. МИХАИЛ ДЕЈАНОВСКИ
3. ТАЊА ДЕЈАНОВСКА МИТРОВСКА
4. НИКОЛА ЈАКИМОВСКИ
5. МЕРИ МИТРОВСКА ЈОВАНОВСКА
6. ВЛАТКО С.РИСТОВСКИ
7. МАРТИН ПОЦЕВСКИ
8. БИЛЈАНА КРСТЕВСКА
9. ДАНИЕЛ АНЃЕЛОВСКИ
10. СРЕТИМИР НИКОЛОВСКИ
11. ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ
12. ЕМИЛ СПАСОВСКИ
13. ВИОЛЕТА СТАНКОВСКА СТАНОЈКОВСКА
14. ВЛАТКО Д.РИСТОВСКИ
15. ЛЕНЧЕ ИЛИЕВСКА
16. МЕНДЕ РИСТОВСКИ
17. МОМЕ КРСТЕВСКИ
18. СЛАВИЦА ПЕТКОВСКА

Претседателот со Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинството советници на Советот и дека Советот може полноважно да одлучува.

На седницата исто така присуствуваа и:

Градоначалник на општина Крива Паланка Сашко Митовски
Секретар на општина Крива Паланка Мартин Николовски
Раководител на раководител на сектор за правни работи, јавни дејности и поддршка на Градоначалникот Даниела Велковска

Советник – овластен сметководител Димитар Петровски

**Д н е в е н р е д:**

1. Предлог-Одлука за доделување на финансиски средства за финансиска поддршка на спортистите-репрезентативците Вукашин Јовановиќ и Адријан Симоновски;
2. Предлог-Одлука з**а** усвојување на Извештајот од пописната комисија за извршениот редовен годишен попис на средтвата со состојба на ден 31.12.2023 година;
3. Предлог – Одлука за задолжување на Општина Крива Паланка и обезбедување со меница .

Председателот со Советот го стави на усвојување дневниот ред на 36-та седница на Совет и истиот е усвоен со 18 гласа ЗА.

**РАСПРАВА ПО ТОЧКА ОД ДНЕВЕН РЕД**

1.Предлог-Одлука за доделување на финансиски средства за финансиска поддршка на спортистите-репрезентативците Вукашин Јовановиќ и Адријан Симоновски;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,18 гласа ЗА ,Советот донесе - **Одлука за доделување на финансиски средства за финансиска поддршка на спортистите-репрезентативците Вукашин Јовановиќ и Адријан Симоновски;**

2.Предлог-Одлука за усвојување на Извештајот од пописната комисија за извршениот редовен годишен попис на средствата со состојба на ден 31.12.2023 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,18 гласа ЗА ,Советот донесе - **Одлука за усвојување на Извештајот од пописната комисија за извршениот редовен годишен попис на средтвата со состојба на ден 31.12.2023 година;**

3.Предлог – Одлука за задолжување на Општина Крива Паланка и обезбедување со меница .

Претседателката на комисијата за финансии и локален економски развој Тања Д.Митровска даде образложение за одржаната комисија каде била разгледана предлог-одлуката и истата била усвоена со 3 гласа ЗА.На комисијата исто така имало дадено предлог од страна на градоначалникот еднаш годишно да биде доставуван извештај до советниците за да се следи до каде е постапката и колку средства се искористени.Предлогот на советникот беше прифатен од страна на комисијата.

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Според советникот Влатко Д.Ристовски одлуката која е ставена на дневен ред се разликува од стандардните одлуки што ги донесуваме како Совет и сметаме дека оваа одлука е изработена надвор од општината.Во однос на содржината на одлуката во делот на точка 5 дека со донесувањето на оваа одлука се потврдува дека се исполнети условите за полноважно донесување на одлуки согласно важечки акти на Општина Крива Паланка и законските одредби ,се потврдува дополнителни согласности од други органи и лица,освен Согласноста од Министерството за финансии бр.16-618/2 од 24.01.2024 година и Одлуката од Владата на РСМне се потребни ,односно нема правни или било какви други пречки за реализирање на конкретна правна работаодобрена согласно оваа Одлука.Според советникот целата одговорност ќе биде на советниците кои ќе ја гласаат оваа одлука бидејќи не потои ниту едно реално издржано објаснување ниту оправдување за носење на ваква одлука и за задолжување на општината.Согласноста од Министерство за финансии не ја имаат доставено до советниците на увид како и дали има направено проекти за тие катни гаражи и многу други работи закои тие со донесувањето на одлуката ќе имаат потврдено дека сето тоа е законски и во ред .Советникот се изјасни дека бараат поименично гласање по однос на точката.

Советничката Ленче Илиевска исто така дискутираше по однос на одлуката и тоа за точка 5 каде советниците треба да потврдат дека се исполнети сите законски услови и дека нема правни или други пречки за реализација на правната работа на оваа одлука,според советничката не се исполнети сите законски услови на постапката затоа што во оваа одлука стои дека Советот треба да потврди дека е направена техничка грешка во согласноста на Министерството за финансии наместо општина Ново Село да стои општина Крива Паланка ова е спротивно на законот за општата управна постапка каде во членот 97 е дефинирано дека јавниот орган што го издал актот може во секое време да ги исправи техничките грешки за што носи посебен управен акти кој акт има право на дејство од денот кога е донесен во кој што се врши исправката истата може да ја исправи само Министерството за финансии а не

Советот тоа е спротивно на законот.Исто така советничката коментираше за точка 4 од одлуката каде е наведено дека се овластува градоначалникот да ги склучи и потпише бланко меница и да гарантира со целокупниот потвижен и недвижен имот и со сите средства со кои располага општината со оваа одлуката се потврдува дека за 2 години општината ќе биде доведена до безизлезна ситуација а како што се гледа дека нема изгледи да се подобри финансиската стабилност на општината бидејќи немаме никакви инвестиции од кои ќе има дополнителни средства.Советничката смета дека со донесувањето на оваа одлука се прави дополнителна штета на општината.

Советничката Тања Д.Митровска во својата дискусија се задржа во делот на член 5 кој го цитираше колегата советник.Покрај одлуката на Советот потребна е согласност од Министерството за финансии која што е обезбедена на 24.01 2024 година и ќе треба да се обезбеди Одлука од Владата на РСМ така да не одлучува само Советот тука е и градоначалникот кој со оваа одлука се овластува да ги потпише документите.Средствата кои ќе бидат обезбедени од Комерцијална банка ќе бидат исплатувани по дотавена фактура или реализирана активност така да самата банка ќе биде еден голем коректив во овој дел и таа нема да ги исплати средствата доколку не даде општината соодветна документација за исплата на тие средства.Целата активност е одговорност на повеќе институции и за целата реализација треба да бидат исполнети сите претходно кажани услови.

Според советникот Влатко Д.Ристовски премногу јасно е напишано во одлуката дека со оваа одлука се потврдува дека се исполнети сите услови дека нема правни и други пречки и на крајот на одлуката стои потпис на претседстелот на Советот на општина Крива Паланка,градоначалникот ќе биде овластен да ги потпише мениците другите работи поврзани за задолжувањето спаѓаат на одговорнос на Советот.

Според советникот Влатко С.Ристовски сумата со која се задолжува општината е висока за една општина како што е нашата и одлуката сама по себе е и добра и лоша но треба да се остави времето да покаже како ќе биде.Градоначалникот ја имал образложено потребата за ова задолжување како раководно лице за кое има побарано од Советот да го подржи но дали општината ќе може да го издржи овој финансиски товар ќе се види понатаму.Во точката 4 стои дека се овласува градоначалникот на општина Крива Паланка да ги склучи и потпише договорите за одобрување на долгорочен кредит но одлуката ја носи Советот а градоначалникот ја има одговорноста да го склучи и потпише договорот за одобрување на овој кредит.Добрата работа за советникот е што со овој кредит би требало да се реши сообраќајниот метеж во централното градско подрачје на градот со поставување на двете катни гаражи а не и дека треба да има поставување на зонско паркирање бидејќи и со самата анкета се покажало дека не е во ред..Советникот се изјасни дека тој и на комисијата за финсиски прашања го имал дадено предлогот градоначалникот да доставува извештај до советниците до каде е постапката и колку средства се потрошени.

Според Градоначалникот носењето во моментот на оваа одлука е исправна за што повторно имаше дадено целосно образложение за причината поради која се донесува одлуката на денешната седница како што имаше дадено објаснување и на минатата седница каква е состојбата на општината во моментот и дека носењето на оваа одлука е неопходна и дека ја прифаќа целата одговорност од негова страна.

Советничката Ленче Илиевска имаше реплика до градоначалникот кој имаше кажано дека донесувањето на оваа одлука сега е во ред во периодот од 2 години ќе се среди потребното и ќе нема потреба да го враќа кредитот но што ќе биде со општината и општинската администрација после тие 2 години општината ќе биде во иста состојба како што е сега .

Градоначалникот даде образлежение дека има редослед на носење на одлуките и кои одлуки се потребни до доаѓање на финален договор и дека до завршувањето на Советот ќе им биде доставена согласноста од страна на Министерството за финансии, до крајот на неделата ќе се донесе и Одлуката од Владата на РСМ.Според градоначалникот не треба тој да биде одговорен за неодговорното работење на неговите претходници тој сака да ја реализира неговата предизборна програма и ветувањата што ги има дадено на граѓаните.

Советничката Ленче Илиевска упати прашање до градоначалникот зошто продолжува да прави исти работи ако биле погрешни од страна на неговите претходници.

Според советникот Влатко Д.Ристовски треба да се гледаат реално работите и смета дека сите градоначалници заедно немаат направено толку непродуктивни трошоци.

Градоначалникот се изјасни дека ја презема одговорноста за носење на оваа одлука на днешната седница на Советот на општината.

Советникот Дане Милошевски ја подржува оваа одлука за која исто така ќе биде доставувано извештај од страна на градоначалникот до советниците до каде е постапката и колку средства се искоритени но не се согласува со колегата Влатко С.Ристовски дека не треба да почне реализацијата за зонско паркирање во нашата општина бидејќи само така можеше да се реши сообраќајниот метеж во градот.

Советникот Влатко Д.Ристовски се изјасни дека се сомнева во исправноста и законитоста на одлуката и дека не сакаат да бидат дел мнозинството во донесувањето на истата и побара поименично гласање по однос на истата.

Раководител на раководител на сектор за правни работи, јавни дејности и поддршка на Градоначалникот Даниела Велковска даде образложение по однос на дискусијата од страна на советниците за правното толкување на оваа одлука и дека во оваа одлука само се констатира дека е направена техничка грешка во моментот на донесувањето на истата а не дека се заменува нешто.

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници,12 ЗА и 6 против, Советот донесе- **Одлука за задолжување на Општина Крива Паланка и обезбедување со меница .**

1.ИЗАБЕЛА ПАВЛОВСКА,ЗА

2.МИХАИЛ ДЕЈАНОВСКИ,ЗА

3.ТАЊА ДЕЈАНОВСКА МИТРОВСКА,ЗА

4.НИКОЛА ЈАКИМОВСКИ,ЗА

5.МЕРИ МИТРОВСКА ЈОВАНОВСКА,ЗА

6.ВЛАТКО С.РИСТОВСКИ,ЗА

7.МАРТИН ПОЦЕВСКИ,ЗА

8.БИЛЈАНА КРСТЕВСКА,ЗА

9.ДАНИЕЛ АНЃЕЛОВСКИ,ЗА

10СРЕТИМИР НИКОЛОВСКИ,ЗА

11.ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ,ЗА

12.ЕМИЛ СПАСОВСКИ,против

13.ВИОЛЕТА СТАНКОВСКА СТАНОЈКОВСКА,против

14.ВЛАТКО Д.РИСТОВСКИ,против

15.ЛЕНЧЕ ИЛИЕВСКА,против

16.МЕНДЕ РИСТОВСКИ,против

17.МОМЕ КРСТЕВСКИ,против

18.СЛАВИЦА ПЕТКОВСКА,ЗА

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници,12 ЗА и 6 против, Советот донесе- **Одлука за задолжување на Општина Крива Паланка и обезбедување со меница .**

Записничар
Клара Стевановска

Претседател на Совет
Изабела Павловска